Gmail

Emilija Ilievska <emilija.ilievska.ob@gmail.com>

# Fwd: Барање за пристап до информации од јавен карактер - постапка за поврзување на село Магарево на водоводната мрежа

1 message

**Evgenija Cukaleva** <evgenija.cukaleva.ob@gmail.com> Thu, Sep 25, 2025 at 2:01 PM
To: "emilija.ilievska.ob@gmail.com" <emilija.ilievska.ob@gmail.com>

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: 26.09.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност |
| 11 | 160 | | |

---------- Forwarded message ----------
From: [redacted]
Date: Friday, September 12, 2025
Subject: Барање за пристап до информации од јавен карактер - постапка за поврзување на село Магарево на водоводната мрежа
To: evgenija.cukaleva.ob@gmail.com

Почитувани,
Врз основа на член 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ви поднесувам барање за пристап до информации во врска со следново прашање:

Која е законската постапка за село Магарево/Трново, кое во моментот не е поврзано на водоводната мрежа, да пристапи кон поврзување?

Посебно ме интересира:

Дали е потребна одлука од месната заедница за отстапување на водоводната мрежа кон водовод/општина Битола?

Дали се бараат потписи или согласност од жителите?

Кој е точниот редослед на постапката и до која институција се поднесува барањето/одлуката?

Дали имате информација за контакт/членови од урбана заедница во селото, доколку не постои таква,која е процедурата за формирање?

Ве молам одговорот да ми биде доставен писмено во законскиот рок предвиден со Законот.

Со почит,
[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за комунални дејности

Бр.11-160/2
26.09.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-160/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примил.
26.09.2025

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Бр.32-933/2 од 26.09.2025г.**

**До**
**Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 26. 09. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност |
| 11 | 160/3 | | |

Предмет: Одговор на барање

Почитувани,

Во врска со барањето бр.11-160/2 од 26.09.2025г. доставено до Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште, кое се однесува на потреба од информација за законската постапка за с.Трново- Магарево да бидат поврзани кон градската водоводна мрежа,
Ве известуваме дека законската постапка за с.Трново и с.Магарево да се поврзат на градската водоводна мрежа се состои во изработка на проектна документација и обезбедување на Одобрение за градба.
Овие села не се поврзани на градската водоводна мрежа но кај нив постои изграден водоснабдителен систем, и со него стопанисува месната заедница.
За сите останати прашања потребно е да побарате одговор од страна на ЈП "Водовод".
Постои изработена проектна документација само за реконструкција на разводна водоводна мрежа с.Трново-Магарево, но за да биде таа разводна мрежа поврзана на градската водоводна мрежа како што напоменавме погоре во текстот неопходна е целокупна проектна документација со која Општина Битола во моментот не располага.

Со почит,

Изработил: Наташа Кочовска

Раководител на Одделение

Марјана Спасевска д.м.и.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 306 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Бр.11-160/4
26.09.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **12.09.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted], по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-160/2025** од **12.09.2025 година**, во врска со информации во врска со водоводна мрежа во село Магарево.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-160/2025 на ден 12.09.2025 година. Во барањето наведе дека бара информации во врска со водоводна мрежа во село Магарево.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-160/1 од 12.09.2025.
2. Допис до Одделение за комунални дејности бр.11-160/2 од 26.09.2025.
3. Одговор од Одделение за комунални дејности бр.160/3 од 26.09.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 26.09.2025 година, под бр. 11-160/4.

**Службено лице за посредув ање при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Емилија Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА